1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУ… НА СОЦИЈАЛИСТ… …СЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 20 јуни 1986
БЕЛГРАД
БРОЈ 33 ГОД. XLII

Аконтацијата на претплатата за 1986 година изнесува 3.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**485.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/83), Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 11 јуни 1986 година донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК

1. Се разрешува членот на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок Лазар Мојсов.

2. За член на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок од редот на членовите на Претседателството на СФРЈ се именува Јосип Врховец.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 18
11 јуни 1986 година
Белград

**Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател,
**Синан Хасани, с. р.**

**486.**

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со точка 58 од Одлуката за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 5 јуни 1986 година и на седницата на Сојузниот собор од 18 јуни 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За заменик на генералниот секретар на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се именува Здравко Шево, досегашен помошник на генералниот секретар на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 24
18 јуни 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Иво Врандечиќ, с. р.**

Претседател
на Соборот на
републиките и покраините,
**д-р Миленко Бојаниќ, с. р.**

Претседател
на Сојузниот собор,
**Милка Такева-Григориевиќ, с. р.**

**487.**

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања на седницата на Соборот на републиките и покраините од 5 јуни 1986 година и на седницата на Сојузниот собор од 18 јуни 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО НА ЈУГОСЛАВИЈА

За генерален директор на Службата на општественото книговодство на Југославија се именува Димитрие Тасиќ, досегашен член на Сојузниот извршен совет.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 26
18 јуни 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Иво Врандечиќ, с. р.**

Претседател
на Соборот на
републиките и покраините,
**д-р Миленко Бојаниќ, с. р.**

Претседател
на Сојузниот собор,
**Милка Такева-Григориевиќ, с. р.**

**488.**

Врз основа на член 25 став 2 и член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА АВТОКОЛИМАТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат автоколиматорите.

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS. RE. W – 10/1.

Член 2

Под автоколиматор, во смисла на овој правилник, се подразбира уредот за мерење на мали агли во опсег до 120 лачни минути и на мали поместувања, чија работа се заснова врз принципот на рефлексија на светлосен знак од мазна површина.

Член 3

Автоколиматорите, во смисла на овој правилник, можат да бидат визуелни и фотоелектрични.

Визуелниот автоколиматор се состои од објектив, автоколимациона цевка, окулар, механизам за регулирање на визирната оска, микрометарска завртка која има поделба изразена во единици на агол во рамнина, показен уред, систем за посматрање и рефлектор кој се поставува на елементот што се испитува. Кај визуелните автоколиметри визирањето и отчитувањето на вредноста на аголот е оптичко.

Фотоелектричниот автоколиматор се состои од објектив, автоколимациска цевка, фотоќелија и електронски показен уред (аналоген или дигитален покажувач) и рефлектор.

Со автоколиматорите можат да се мерат агли во една или во две заемно нормални рамнини.

Член 4

Наведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) рефлексија на светлоста е физичка појава при која светлосниот зрак кој паѓа на мазна површина се одбива од неа така што упадниот зрак, одбиениот зрак и нормалата на површината да лежат во иста рамнина, а одбојниот агол на светлосниот зрак е еднаков на упадниот агол (цртеж 1);

2) рамнина на мерење на аголот е рамнината во која се наоѓа аголот чија вредност се определува;

3) работното растојание е растојанието меѓу рефлекторот (рамно огледало) и објективот на автоколиматарот);

4) најголемо работно растојание е растојанието меѓу рефлекторот и автоколиматорот при кое автоколиматорот ја регистрира вредноста на аголот во рамнината (цртеж 1);

5) колимациониот систем е системот што се состои од објектив и показна скала која е сместена во жижната рамнина на објективот;

6) границите на дозволените грешки на автоколиматорот се најголемите дозволени разлики меѓу вистинската вредност на аголот и вредноста на аголот што се отчитува на показниот уред на автоколиматарот.

Член 5

Најмалиот опсег на визуелните автоколиматори може да биде 10 лачни минути, а најголемиот опсег на мерењето на аголот – 120 лачни минути.

Опсегот на фотоелектричниот автоколиматор може да биде од ± 10" до ± 150".

Член 6

Ако автоколиматорот се користи како работен еталон на единица на агол во рамнина, најмалата поделба на скалата на показниот уред не смее да биде поголема од 0,5", а ако се користи како мерило на агол во рамнина или мерило на рамност и паралелност, најмалата поделба не смее да биде поголема од 1'.

Член 7

Границите на дозволените грешки на автоколиматорите не смеат да бидат поголеми од вредностите дадени во следната табела:

| Вид на автоколиматор | | Визуелни автоколиматори | | | | Фотоелектрични автоколиматори | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опсег | | 120' | 40' | 20' | 10' | 10' | ±15" | ±30" | ±150" |
| Најмала поделба | на минутната | 1' | 1' | 0,5' | 0,25' | – | – | – | – |
| | скала на секундарната скала | – | 1" | 0,5" | 0,2" | 0,2" | 0,1" | 0,1" | 0,5" |
| Граници на дозволените грешки | | ±2' | ±6" | ±4 | ±2" | ±2" | ±0,25 | ±0,5" | ±2" |

Член 8

Автоколиматорите чии граници на дозволените грешки не се поголеми од ± 2" можат да се користат како работни еталони на единица на агол во рамнина.

Член 9

Вкупната мерна несигурност за автоколиматори што се користат како работни еталони на единица на агол во рамнина не смее да биде поголема од вредностите дадени во следната табела:

| Најмала поделба | 0,1" | 0,2" | 0,5" | 1" |
|---|---|---|---|---|
| Граници на мерната несигурност со веројатност 99% | ±0,1" | ±0,1" | ±0,25" | ±0,5" |

Член 10

Референтните услови при кои се определени границите на дозволените грешки и вкупната мерна несигурност на автоколиметарот се:

1) температура на околината 20 °C ± 1 °C;

2) релативна влажност на воздухот помала од 80%;

3) рамнина на мерење на аголот нормална на оската на цевката на автоколиматорот.

Член 11

Ако со помош на автоколиматор се мерат агли во две заемно нормални рамнини, границите на дозволените грешки се два пати поголеми од вредностите дадени во табелата од член 7 на овој правилник за рамнина нормална на референтната рамнина на мерење на аголот.

Член 12

Најголемото работно растојание за визуелните автоколиматори не смее да биде помало од 2 m, а за фотоелектричните автоколиматори – 1 m.

Член 13

Непаралелноста на визирните линии на колимациониот систем и системот за посматрање кај автоколиматорот не смее да биде поголема од ± 2' за автоколиматори чија поделба е поголема од 30", ± 1" за автоколиматори чија поделба е поголема од 0,5" и ± 0,5' за автоколиматори чија поделба е поголема од 0,1".

Член 14

Отстапувањето од рамноста на рефлекторот на автоколиматорот не смее да биде поголемо од 0,05 µm ако автоколиматорот се користи како работен еталон односно од 0,5 µm ако се користи како мерило на агол во рамнина.

Член 15

Отстапувањето на нормалноста на рамнината на огледалото во однос на оската на автоколимационата цевка не смее да биде поголемо од 2' за работен еталон односно 4' за мерило на агол.

Член 16

Автоколиматорот со кој може да се мери агол во две заемно нормални рамнини мора да има двокоординатен компензатор кој има поделба изразена во единици на агол во рамнина.

Член 17

На автоколиматорот мораат да бидат испишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија следните натписи и ознаки:

1) фирма односно назив или знак на производителот,
2) тип на автоколиматорот;
3) сериски број или ознака на серијата;
4) опсег на мерењето на аголот;
5) ознака со помош на автоколиматорот да се мери агол во една или во две рамнини;
6) најголемо работно растојание изразено во m;
7) службена ознака на типот на автоколиматорот, ако е извршено испитување на типот.

Член 18

Натписите и ознаките кај визуелниот автоколиматор мораат да се наоѓаат на телото на автоколиматорот, а кај фотоелектричниот автоколиматор или на телото на автоколиматорот или на показниот електричен уред.

Член 19

Натписите и ознаките мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и испишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 20

Автоколиматорите што се наоѓаат во употреба, а не ги исполнуваат условите пропишани со чл. 8, 9, 10, и 18 од овој правилник ќе се примаат на преглед до 31 декември 1987 година.

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0404-140/1
9 јануари 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
мери и скапоцени метали,
**Милисав Воичиќ**, с. р.

**489.**

Врз основа на член 25 став 2 и член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ГОНИОМЕТРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат работните еталони и мерилата за агол во рамнина – гониометри (во натамошниот текст: гониометри) за опсег на мерење на агол од $0^0$ до $360^0$.

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS.RE.W-9/1.

Член 2

Под гониометар, во смисла на овој правилник, се подразбира уред за мерење на агол во рамнина чија работа се заснова врз принципот на дисперзија и рефлексија на сложена (бела) светлост.

Член 3

Наведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) дисперзија на светлоста е појава кога индексот на прекршувањето на светлоста зависи од нејзината бранова должина, а последица од тоа е светлосните зраци со различни бранови должини да се прекршуваат под различни услови при преминување од една во друга оптичка средина;

2) оптичка оска на автоколимационен дурбин или телескоп е права која минува низ центарот на кривината на објективот и окуларот и се поклопува со оската на автоколимационата цевка;

3) ексцентрицитет на лимбот е растојанието мерено во рамнината на плочата на лимбот, помеѓу оската на ротацијата на лимбот и оската што минува низ центарот на кружната поделба на лимбот;

4) опсег на разлагање на вредноста на аголот е опсегот на отчитувањето на најмалата вредност на аголот со најмала можна несигурност;

5) видно поле на автоколимациониот дурбин на микроскопот или колиматорот е областа на вредноста на аголот што може да се регистрира во една определена положба на дурбинот, микроскопот или колиматорот.

Член 4

Зависно од границите на дозволените грешки при мерењето на аголот во рамнина, гониометрите се делат на класи на точност, дадени во следнава табела:

| Ознака на класата на точноста на гониометарот | Граници на дозволените грешки |
|---|---|
| G1 | ± 1" |
| C2 | ± 2" |
| G5 | ± 5" |
| G10 | ± 10" |
| G20 | ± 20" |

Член 5

Гониометрите што се користат како работни еталони на единица за агол во рамнина мораат да бидат од класите G1 и G2.

Гониометрите од класите G5; G10 и G20 се користат како мерила за агол во рамнина.

Член 6

Границите на вкупната мерна несигурност со веројатност од 99% за гониометри што се користат како работни еталони на единица за агол во рамнина не смеат да бидат поголеми од ± 1" при мерење со кој и да е стандарден метод на мерење.

Член 7

Гониометарот се состои од следните основни елементи:

1) мерна маса;
2) автоколимационен дурбин (или телескоп);
3) колиматор.

Член 8

Мерната маса се состои од:
1) маса за ставање на испитувано мерило за агол;
2) лимб или плоча со кружна поделба;
3) механизам за регулирање;
4) показен уред.

Член 9

Дозволеното отстапување од рамноста на површината на масата за ставање на испитувано мерило за агол не смее да биде поголемо од 1,5 μm.

Член 10

Растојанието на рамнината на површината на масата на која се става испитувано мерило за агол, кога се наоѓа во својата најниска положба од оптичката оска на автоколимациониот дурбин или телескопот, не смее да биде помало од 50 mm за G1 и G2, а 30 mm за G5, G10 и G20.

Член 11

Ако масата за ставање на испитувано мерило за агол се движи ротационо во однос на оската на лимбот, отстапувањето на ротационата оска на масата од оската на лимбот не смее да биде поголемо од границите на дозволените грешки на гониометарот.

Член 12

Лимбот или плочата со кружна поделба мора да има најмала вредност на поделокот која не е поголема од една десетина од степенот за гониометрите G1; G2 и G5, а една половина од степенот за гониометрите G10 и G20.

Член 13

Ексцентрицитетот на лимбот односно плочата со кружна поделба не смее да биде поголем од 0,3 mm.

Член 14

Најмалата вредност на аголот што може да се измери со помош на оптички микрометар не смее да биде поголема од (1/1000)$^{0}$, а најмалата вредност на аголот која може да се измери со помош на нониус или електронски систем не смее да биде поголема од 1'.

Член 15

Должината на поделокот на скалата на показниот систем не смее да биде поголема од 1,2 mm.

Член 16

Опсегот на разлагањето на вредноста на аголот на автоколимациониот дурбин или на телескопот и колиматорот во центарот на видното поле не смее да биде поголем од 3".

Член 17

Опсегот на свртувањето на автоколимационата цевка и на микроскопот, ако се подвижен дел на гониометарот, не смее да биде помал од 270$^{0}$.

Член 18

Растојанието од објективот на автоколимациониот дурбин или на колиматорот и на оската на ротацијата на лимбот не смее да биде помало од 100 mm.

Член 19

На гониометарот мораат да бидат испишани на еден од јазиците и писмата на народните односно народностите на Југославија следните натписи и ознаки:

1) фирма односно назив или знак на производителот;
2) сериски број или ознака на серијата;
3) класа на точност (G1; G2; G5; G10 или G20);
4) најмала вредност на аголот која може да се измери;
5) службена ознака на типот на гониометарот ако е извршено испитувањето на типот.

Член 20

Натписите и ознаките мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и испишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0404-112/1
9 јануари 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали,
**Милисав Вончиќ**, с. р.

---

**490.**

Врз основа на член 1036 став 2 точ. 2 и 3 од Законот за поморската и внатрешната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/77, 13/82 и 30/85), Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПЛОВИДБАТА ПО ВНАТРЕШНИТЕ ПЛОВНИ ПАТИШТА

Член 1

Во Правилникот за пловидбата по внатрешните пловни патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/81) во член 21 став 3 на крајот на ставот, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а на чамците со сопствен погон чијшто труп е подолг од 7 m, односно на чамците што влечат или превлекуваат кон бок само врзани чамци – најмалку 0,6 × 0,6 m".

Член 2

По член 30 се додава насловот: „Обележување на чамците за време на пловидба ноќе, освен на чамците што пловат со помош на едра" и нов член 30а, кој гласи:

„Член 30а

Чамец со сопствен погон чиј труп е подолг од 7 m, за време на пловидба ноќе мора да има:

1) едно јасно бело светло видливо во лакот на хоризонтот од 225$^{0}$ и тоа по 112$^{0}$ 30' од секоја страна на чамецот (сметајќи од насоката на клунот до 22$^{0}$30' зад попречната рамнина од двата бока на чамецот). Тоа светло мора да биде поставено на иста височина како и бочните светла и по можност најмалку 1 m пред нив;
2) бочни светла – пропишани во член 26 став 1 точка 2 од овој правилник, со тоа што тие светла можат да бидат обични;
3) крмено светло, пропишано во член 26 став 1 точка 3 од овој правилник.

Чамец со сопствен погон чиј труп не е подолг 7 m, може од наместо светлата наведени во став 1 од овој член да има само едно обично бело светло или тоа обично бело светло да го покажува само при доближување на други бродови.

Ако чамецот со сопствен погон влече или превлекува кон бокот само врзани чамци, мора да ги има светлата пропишани во став 1 од овој член.

Ако влечениот состав се состои само од чамци или се завршува само со чамци, последниот чамец, освен бродските чамци, мора да го има крменото светло пропишано во член 26 став 1 точка 3 на овој правилник.

Чамците што се движат без мотор и без едра, при доближувањето на други бродови, мораат да покажат едно обично бело светло."

Член 3

Во поднасловот: „Обележување на бродови ноќе за време на стоење" по зборот: „бродови" се додаваат зборовите: „и чамци".

Во член 37 се додава нов став 4 кој, гласи:

„Чамец, освен бродски чамец, мора да има едно обично бело светло видливо од сите страни, чија употреба не е задолжителна ако чамецот е врзан за брегот или се наоѓа во група чамци или во состав во кој чамците, што се наоѓаат на надворешната страна од групата го имаат тоа светло."

Член 4

Во поднасловот: „Обележување ноќе за време на стоење на определени рибарски бродови по зборот: „бродови" се додаваат зборовите: „и рибарски чамци".

Во член 43 став 1 по зборот: „бродови" се додаваат зборовите: „и рибарски чамци".

Во став 2 по зборот: „бродовите" се додаваат зборовите: „и чамците".

Член 5

По член 47 се додава нов поднаслов „Обележување на чамци за време на пловидба дење" и нов член 47а, кој гласи:

„Член 47а

Секој чамец со сопствен погон чијшто труп е подолг од 7 m, односно чамец што влече или превлекува кон бокот само врзани чамци мора да има едно бело знаме со водоравно црвена пруга во средина. Знамето мора да бите поставено на погодно место и на таква височина што да може да се види од систе страни.".

Член 6

Во насловот: „IV. ЗВУЧНИ ЗНАЦИ НА БРОДОВИТЕ" по зборот: „БРОДОВИТЕ" се додаваат зборовите: „И ЧАМЦИТЕ".

Во член 64 став 1 точка 2 по зборот: „погон" се додаваат зборовите: „и на чамците со сопствен погон,".

Член 7

Во член 67 став 1 се менува и гласи:

„Обележувањето на положбата и рабовите на пловниот пат, на пловидбените опасности и пречки се врши со помош на знаци што се дадени во прилог бр. 2 од овој правилник."

Член 8

Во член 81 по зборот: „бродови" се додаваат зборовите: „и чамци".

Член 9

По член 100, се додава нов член 100а, кој гласи:

„Член 100а

Чамците што пловат поединечно, како и влечените и бочните состави што се состојат исклучително од чамци, не смеат да ја попречуваат пловидбата и маневрите на други бродови, ниту можат од нив да бараат да им се иставаат од патот.

Во пловидбата, чамците мораат да се придржуваат кон следните правила:

1) чамците со сопствен погон мораат да им се иставаат од патот на сите други чамци;

2) чамците што не се движат со сопствен погон, ниту со помош на едра, мораат да им се иставуваат од патот на чамците што едрат;

3) чамците што мораат да се иставуваат од патот мораат навремено да скршнат надесно. Ако ова правило не може да се примени од наутички причини, чамецот што е должен да се истави, мора наврмено и јасно со соодветен маневар да означи на која страна ќе скршне;

4) ако два чамца што се движат со помош на едра се доближуваат еден кон друг, такашто да постои опасност од судир, едниот од тие чамци мора да му се истави од патот на другиот чамец според следните правила:

а) ако едрилиците едрат по различни узди, едрилицата што едри по левите узди, мора да и се истави од патот на едрилицата што едри по десните узди;

б) ако двете едрилици едрат по исти узди, едрилицата што се наоѓа на ветрина мора да ѝ се истави од патот на едрилицата што се наоѓа во заветрина;

в) едрилицата што едри во приветрина може да ја престасува едрилицата што едри во заветрина.

Приветрина е онаа страна што се наоѓа наспроти главното едро.".

Член 10

Во член 114, во уводната реченица по зборовите: „заповедникот на состав" се додаваат зборовите: „или управувачот со чамец".

Во точка 12, по зборот: „брод" се додаваат зборовите: „или чамец".

Во точка 15 зборовите: „обележување на брод (член 37)" се заменуваат со зборовите: „облежување на брод или чамец (член 37)"; а зборовите: „рибарски брод (член 43)", – со зборовите: „рибарски брод или рибарски чамец (член 43)".

Во точка 16 по зборовите: „(член 47)" се додаваат зборовите: „обележување на чамец (член 47а);".

Во точка 19 по зборовите : „(чл. 68 до 100)", се додаваат зборовите: „пловидба на чамци (член 100а);".

Член 11

Прилогот 2 од правилникот се заменува со нов прилог 2 што е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Член 12

Овој правилник влегува во сила 60 дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 760/5
17 февруари 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Мустафа Пљакиќ, с.р.**

**Прилог 2.**

## ЗНАЦИ ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПЛОВНИОТ ПАТ

## А. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛОВНИОТ ПАТ НА ВОДЕН ПАТ

### А.1. Десна страна на пловниот пат

Дење: црвени бови, најдобро со валчеста форма, односно црвени пливки и драги.

Ако бовите и пливките немаат валчеста форма, мораат да имаат валчест црвен знак.

**БОВА**




ПЛИВКА



СТАП (ДРАГ)




Ноќе: црвени трепкави светилки







Знаците под А.1. служат за обележување на границата на пловниот пат и за означување на неговиот правец; тие ја обележуваат десната страна на пловниот пат и опасностите покрај десниот брег.

**А.2. Лева страна на пловниот пат**

Дење: зелени бови, најдобро со конусна форма, односно зелени пливки и стапови (драги).

Ако бовите и пливките немаат конусна форма, мораат да имаат конусен зелен знак.

БОВА




ПЛИВКА




СТАП (ДРАГ)



Ноќе: зелени трепкави светилки







Знаците под А.2. служат за обележување на границите на пловниот пат и за означување на неговиот правец; тие ја обележуваат левата страна на пловниот пат и опасноста покрај левиот брег.

### А.3. Чаталење на пловниот пат

Дење: бови, најдобро со топчеста форма, со црвени и зелени хоризонтални пруги, односно пливки и стапови (драги) со црвени и зелени хоризонтални пруги.

Ако бовите и пливките немаат топчеста форма, мораат да имаат знак со топчеста форма со црвени и зелени хоризонтални пруги.

БОВА




ПЛИВКА




СТАП (ДРАГ)




Ноќе: бели трепкави светилки







Знаците под А.3. служат за обележување на чаталењето и спојувањето на пловниот пат, како и на разни опасности што се наоѓаат на пловниот пат. Низводни и спротиводни бродови можат да поминат лево или десно, покрај овие знаци.

**4.4. Светлечки и несветлечки бови и пливки што ја означуваат оската на пловниот пат**

ДЕЊЕ:

БОВА




ПЛИВКА




Ноќе: бели трепкави светилки




Знаците под А.4. служат, за обележување на оската на пловниот пат на широка водена површина, на која нема пловидбени опасности.

**А.5. Светлечките бови за десната страна ги означуваат местата за стоење во однос на десната страна на пловниот пат (член 105 точка 1)**

**Дење:**




Ноќе: црвени трепкави светилки



**А.6. Светлечките бови за левата страна ги означуваат местата за стоење, во однос на левата страна на пловниот пат (Член 105 точка 2)**

ДЕЊЕ:




Ноќе: зелени трепкави светилки







## Б. КРАЈБРЕЖНИ ЗНАЦИ ШТО ЈА ОЗНАЧУВААТ ПОЛОЖБАТА НА ПЛОВНИОТ ПАТ

*Знаци што ја обележуваат положбата на пловниот пат во однос на брегот*

**Б.1. Страна спрема десниот брег**

Дење: црвени кабли со квадратна форма (со вертикални и водоравни рабови), обрабени со две хоризонтални бели ленти.




Ноќе: црвени трепкави светилки (фарови)







Знаците под Б.1. (фарови на десниот брег) служат за обележување на приближниот правец на пловниот пат во однос на брегот и со знаците поставени на водениот пат, тие го обележуваат пловниот пат на местата на кои што тој се доближува до десниот брег; тие истовремено служат и како ориентациони точки.

**Б.2. Страни спрема левиот брег**

Дење: Табли со квадратна форма (со вертикални и хоризонтални дијагонали), на горната половина обоени зелено, а на долната бело




Ноќе: зелени трепкави светилки (фарови)




Знаците под Б.2. (фарови на левиот брег) служат за обележување на правецот на пловниот пат односно на брегот и со знаците поставени на водениот пат, тие го обележуваат пловниот пат на местата на кои тој се доближува до левиот брег; тие истовремено служат како ориентациони точки.

ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРЕМИНУВАЊЕ

Ако обележувањето, се сака да се усоврши може со посебни знаци да се обележи преминувањето на пловниот пат од едниот на другиот брег: (премин),

**Б.3. Страна спрема десниот брег**

Дење: жолти табли со квадратна форма (со вертикални и хоризонтални рабови), а во средината со црна вертикална пруга




Ноќе: жолти светилки (евентуално со тесен сноп) со две трепкања.



Знакот под Б.3. (знак за преминување од десниот брег) служи за обележување на почетокот и на крајот на правецот на пловниот пат што преминува од едниот брег на другиот.

**Б.4. Страна спрема левиот брег**

Дење: жолти табли со квадратна форма (со вертикални и хоризонтални дијагонали), со црно вертикална пруга во средината.




Ноќе: жолти светилки (евентуално со тесен сноп) со едно трепкање




Знакот под Б.4. (знак за преминување од левиот брег) служи за обележување на почетокот и крајот на правецот на пловниот пат кој преминува од едниот брег на другиот.

## ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА ПРЕМИНОТ

Кога се сака да се обележи оската на долг премин преку воден пат, може да се користи рамнење, т. е. два исти знака (Б.3. односно Б.4.) поставени еден зад друг, со тоа што предниот знак е понизок од задниот; линијата што ги поврзува тие знаци ја означува оската на преминот.

**Б. 5. Траса на преминот од десниот брег**

Дење: две жолти табли од типот Б.3.

ПРЕДНА




ЗАДНА



Ноќе: две жолти светилки – предната со трепкање, задната непрекината

ПРЕДНА




ЗАДНА




**Б.6. Траса на преминот од левиот брег**

Дење: две жолти табли од типот Б.4.

ПРЕДНА




ЗАДНА




Ноќе: две жолти светилки – предна со трепкање, задна непрекината

ПРЕДНА




ЗАДНА




## В. КРАЈБРЕЖНИ ЗНАЦИ ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОПАСНИ МЕСТА И ПРЕЧКИ

**В.1. Знак на десниот брег за обележување на опасни места**

Дење: бел триаголник со црвен раб и со врвот надолу




Знакот В.1. служи за обележување на опасни места покрај десниот брег. Тој е помошен знак што ја обележува секоја градба што навлегува во речното корито (насип, напер итн.), тој може да служи и за обележување на местата што стрчат над водата, а што се пловни во времето на високи води.

**В.2. Знак на левиот брег за обележување на опасни места**

Дење: бел триаголник со црвен раб и со врвот нагоре.



Знакот В.2. служи за обележување на опасни места покрај левиот брег. Тој е помошен знак што га обележува секоја градба што навлегува во речното корито (насип, напер итн.); тој може да служи и за обележување на местата што стрчат над водата, што се пловни во времето на високи води.

**В.3. Средишни крајбрежни знаци што се поставуваат ако може да се помине од двете страни (фарови)**

Дење: две бели гриаголни табли една над друга свртени со врвовите една кон друга, со тоа што горната табла е со црвен, а долната со зелен раб.




Ноќе: бели трепкави светилки




Знаците под В.3. се поставуваат на краиштата од островот, на местата на кои тој го дели речното корито на два пловни ракави, како и на брегот на местата на кои се вливаат пловни канали и притоки.

## 491.

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85) и член 66 став 1 точка 18 од Законот на Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народнита банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81 и 26/84), Советот на гувернерите донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД И НА ДРУГО ОПШТЕСТВЕНО ПРАВНО ЛИЦЕ ДА ДРЖАТ ДЕВИЗИ ВО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за условите за давање одобрение на организацијата на дружен труд и на друго општествено правно лице да држат девизи во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/85 и 19/86) по точка 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„2а. Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина може, по исклучок, на организација на здружен труд и на друго општествено правно лице да им даде одобрение да држат девизи на сметка во странство заради плаќање на трошоците за работа на претставништво односно деловна единица, што се основани во странство во согласност со одредбите на Законот за вршење на стопански дејности во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/85).

Одобрението од став 1 на оваа точка може да се издаде за девизи до висина на просечните месечни трошоци од претходната година утврдени врз основа на книговодствените податоци што се приложуваат кон барањето за добивање на одобрение. Кон барањето се приложува и мислењето на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија дека организацијата на здружен труд и друго општествено правно лице има одобрение од овој секретаријат за труд, како и дека личните примања да се вршат на работниците кои имаат согласност за работа во претставништвото, односно во деловната единица.

Одобрението од став 1 на оваа точка може да се издаде најдолго за период до шест месеци."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 55
5 јуни 1986 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Душан Влатковиќ, с. р.**

## 492.

Врз основа на член 4 точка 8 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА УРЕДОТ ЗА РАКУВАЊЕ СО ТОВАР

1. Се донесуваат технички правила за градба на поморски бродови, Дел 19 – Уред за ракување со товар, кои ги содржат следните поглавја:

| | |
|---|---|
| 1.1 | Општи одредби |
| 1.2 | Норми на пресметка |
| 1.3 | Бродски товарен уред со самари |
| 1.4 | Бродски и пловни дигалки, како и справи за дигање |
| 1.5 | Опрема и јажиња |
| 1.6 | Материјали, топлотна обработка, заварувања |
| 1.7 | Прегледи и испитувања |
| 1.8 | Исправи и означување |
| 1.9 | Надзор над товарни уреди во експлоатација |
| 1.10 | Дигалки на пловни докови |
| 1.11 | Лифтови |

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3008/16-27
25 февруари 1982 година
Сплит

Заменик на претседателот на Советот на Југорегистар,
м-р **Јосип Јакшиќ, с. р.**

## 493.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА СТАБИЛНОСТА

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на техничките правила за градба на поморски бродови, Дел 4 – Стабилност, кои ги содржат следните поглавја:

| | |
|---|---|
| 1.1 | Општи барања |
| 1.2 | Општи барања за стабилност |
| 1.3 | Додатни барања за стабилност |
| 1.4 | Прилог 1 |
| 1.5 | Прилог 2 |
| 1.6 | Прилог 3 |
| 1.7 | Прилог 4 |

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3008/16-28
6 март 1984 година
Сплит

Претседател
на Советот на Југорегистар,
дипл. инж. **Фране Јахода, с. р.**

## 494.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА НАДВОДЈЕТО

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на техничките правила за градба на поморски бродови, дел 6 – Надводје, кои ги содржат следните поглавја:

| | |
|---|---|
| 1.1 | Општ дел |
| 1.2 | Означување на товарната линија |
| 1.3 | Услови за доделување на надводје |

1.4 Доделување на најмало надводје
1.5 Посебни барања за бродовите на кои им се доделува надводје за превоз на товар од дрва на палуба
1.6 Услови за доделување на надводје на бродовите кои не вршат меѓународни патувања и на помалите бродови кои ги вршат
1.7 Услови за доделување на надводје на рибарските бродови
1.8 Прилог 1
1.9 Прилог 2
1.10 Прилог 3
1.11 Прилог 4

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ”.

Бр. 3008/16-29
6 март 1984 година
Сплит

Претседател
на Советот на Југорегистар,
дипл. инж. **Фране Јахода, с. р.**

**495.**

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ”, бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА МАШИНСКИТЕ УРЕДИ

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на техничките правила за градба на поморски бродови, Дел 7 – Машински уреди, кои ги содржат следните поглавја:

1.1 Општи одредби
1.2 Линии на вратило
1.3 Бродски винтови
1.4 Торзиони вибрации
1.5 Резервни делови

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ”.

Бр. 3008/16-30
26 февруари 1985 година
Сплит

Директор
на Југорегистар,
дипл. инж. **Игнацио Стиполев,** с. р.

**496.**

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ”, бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА ЦЕВОВОДИТЕ

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на техничките правила за градење на поморски бродови, Дел 8 – Цевоводи, кои ги содржат следните поглавја:

1.1 Општи барања
1.2 Цевовод на баластот
1.3 Цевовод на товарот на танкерите
1.4 Цевовод за издишници, прелеви и сондирање
1.5 Цевовод за издувни гасови
1.6 Систем на вентилација
1.7 Систем на гориво
1.8 Цевовод на масла за подмачкување
1.9 Систем на ладење со вода
1.10 Систем на компримиран воздух

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ”.

Бр. 3008/16-31
26 февруари 1985 година
Сплит

Директор
на Југорегистар,
дипл. инж. **Игнацио Стиполев, с. р.**

**497.**

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ”, бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА РАЗЛАДНИТЕ УРЕДИ

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на техничките правила за градба на поморски бродови, Дел 11 – Разладни уреди, кои ги содржат следните поглавја:

1.1 Општи барања
1.2 Општи технички барања
1.3 Простории на разладните уреди
1.4 Машини
1.5 Изменувачи на топлина, садови под притисок и разладни уреди
1.6 Арматура и цевоводи
1.7 Уреди за контрола и мерење и уреди на автоматика
1.8 Изолација
1.9. Испитувања
1.10 Резервни делови

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ”.

Бр. 3008/16-32
26 февруари 1985 година
Сплит

Директор
на Југорегистар,
дипл. инж. **Игнацио Стиполев, с. р.**

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од СР Хрватска

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Крајина Маријана Звонимир;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Бабиќ Ивана др Иван, Црквенчиќ Алексе Иван, Фудуриќ Јуре Антон, Јанеќ Ивана Ѓуро, Корпар-Чолиг Јосипа Бранка, Марушиќ Стипе Анте;

– за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Антиќ Боже Миљенко, Класиќ Игнаца Леонард, Мандиќ Милана Дане;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бешлиќ Мато Матија, Богдановиќ Антуна Матија, Борчиќ-Франкл Мартина Марија, Буршиќ Грге Херман, Дељац Блажа др Анте, Девиде Богдана др Звонимир, Филиповиќ Томе Фрањо, Херак Јуре др Марко, Јагец Ивана Јосип, Јефтиќ Васе Тодор, Калеб Јере Иве, Каштелан Јосипа Александар, Маричиќ Иво Жељко, Мартинац Дамјана др Перо, Огњеновиќ-Бумбер Блажа Златко, Половиќ Петра Драгутин, Продановиќ Петра Милан, Припиќ Милана др Иван, Римац Мате Јосип, Сикирица Миле Милан, Сршен Марка Здравко, Сукалиќ Мије Мирослав, Шќавничар Стјепана Стјепан, Варлај Драгутина Маријан, Вранешевиќ Стојана Стеван, Вучемило Мате Бранко;

– за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Бараниќ-Роков Шанта Марија, Безмалиновиќ Николе Петар, Босотина-Благдан Шиме Блаженка, Бубиќ Ивана Мате, Ќосиќ Арона Душан, Дивац Мика Радојко, Ерцег Јакова Филип, Ешкиња Јосипа Иво, Кадија Станка Јован, Капели-Калик Шпире Стана, Микуландра Марка Марко, Милета Јове Бранко, Нижетиќ Анте Иво, Паланчан Павле Перо, Петањек Иван Иван, Петровиќ Мије Јаков, Шкаро Илије Божидар, Шугар Антона Мате, Шверко Ивана Грго, Тошиќ Ааве Лука, Урсиќ Јосипа Анте, Вуковиќ Ивана Драгутин;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Ајхнер Јосипа Марко, Антонијевиќ Јосипа Мате, Бамбурач Ѓуре Јован, Барбиќ Јосипа Стјепан, Бархановиќ Ивана Весељко, Бенчина Рудолфа Божо, Беседник Стјепана Маријан, Билиш Марина Јаков, Биочина-Гурдулиќ Марина Марија, Блажевиќ Илије Милан, Бобинац Јерко Иван, Боромиса Павла Драган, Божиновиќ-Тренеска Ристе Живка, Брајан Јосипа Антон, Ќоза Фране Јосипа, Дупхач Антуна Антун, Ѓурашин Ивана Феликс, Гашпаровиќ Кузме Славко, Хорват Петра Стјепан, Јурковиќ Божо Илија, Катавиќ-Ловоковиќ Ивана Бранка, Керепчиќ Ивана Иван, Кобер-Сливар Јосипа Анѓела, Кружиќ Марије Олга, Љубичиќ Ивана Анте, Мацура Глише Миле, Малигец Рудолфа Антун, Манестар Петра Иван, Мраковчиќ Ивана Иван, Марковиќ Антуна Владимир, Оргон Мије Јосип, Пајтлер Андрије Стјепан, Пријиќ-Десница Паја Милка, Протрка Маријана Иван, Родиќ Петра Драгутин, Радовиќ Јосипа Јосип, Руковац Јуре Славица, Самобор Михајла Крешимир, Стаиќ-Вишиќ Миодраг Драгица, Стелла Анте Крешимир, Стојиќ Дане Ѓуро, Стојковиќ-Субановиќ Илије Мирјана, Студен Раде Милица, Шегон Ивана Марио, Шимек Милана Милан, Штимац-Милатиќ Јакова Лепосава, Шулц Шандора Јосип, Тепшиќ-Петрас Ѓуре Катица, Тонковиќ Мате Иван, Винцек Милана Бисерка, Вукелиќ-Томиќ Ѓуре Смиља, Вукмановиќ Луке Душан, Златиќ-Хорват Јосипа Силвија, Жмикиќ Кузмена Милева, Жрвнар Марије Еуген, Журиќ-Скотти Стјепана др Нева;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Аљиновиќ Среќка Игор, Антолковиќ-Михиќ Антуна Бланка, Антонијевиќ Петра Никола, Антонијевиќ Ивана Шимун, Арсиќ Станоје Милош, Бачани-Циглер Јосипа, Багариќ Ивана Јурица, Бален Николе Томо, Барановиќ Грге Марио, Бархановиќ Бранка Мирјана, Басталиќ Марко Ѓуро, Белачиќ-Прах Михајла Вера, Беланчиќ Јосипа Мато, Бенцун-Вукушиќ Гавре Ана, Бенко Габријела Јосип, Бешениќ Мартина Јосип, Бешенски Антуна Владимир, Бишќевиќ-Слобода Владимира Олга, Бјеров Федора Борис, Блажековиќ Стјепана др Здравко, Бојовиќ-Гломуз Станка Соња, Бонифачиќ Мате Драго, Бонифачиќ Фрање Јосип, Бошњак Мате Иван, Божаниќ Анте Мате, Брчиќ Анте Никола, Булинбашиќ Јурја Анте, Буразер Марка Анѓелка, Буриловиќ Пашка Иван, Цавор Станка Барбара, Чефарин-Гољевшчек Штефана Бруна, Чордашиќ Цвијета Томислав, Чупиќ Шиме Иван, Чустовиќ Омера др Федор, Ќурчиќ Ѓуре Чедомир, Делла Гроце Јосипа Нарцизо, Дељуса Анѓелка Микељ, Диздаревиќ Хасе Фехим, Добровиќ Петра Хрвоје, Дрнасин Анте Петар, Дуганција Душана Милан, Дугина Петра Антун, Дуиќ Марка Марко, Дукиќ Богдана Војислав, Думанчиќ Боже Живко, Думиќ Анте др Мирослав, Ѓерѓа-Рудиќ Томислава Гита, Ѓермановиќ Игнатија Ѓорѓе, Ѓуричиќ Павла Славко, Егиќ Дане Владо, Ераковиќ-Вегар Мирка Боженка, Фабијаниќ Иве Елена, Филиповиќ Боже Стјепан, Фиолиќ Матије Никола Фортуна Стјепан Владимир, Галиќ Ивана Никола,Гашпариќ Јосипа Павао, Гјаиќ-Броз Драгутина др Иванка, Глад Ивана Иван, Голубар-Станчин Антуна Јулика, Горкич Мирка Бојан, Градинштак Стјепана Фрањо, Градишки Јосипа Иван, Грубиќ-Припиќ Јакова Славка, Гуљелмовиќ Гашпара Андро, Ханицх Мирка Мирко, Харанди Павао Андрија, Хасовиќ-Петанчиќ Ивана Иванка, Хорват Ѓуре Ладислав, Хрман Томе Никола, Худец-Ловко Ане Доротеја, Худин Марије Владимир, Хузјак Стјепана Јосип, Иванчиќ Јосипа Стјепан, Ивануш Марије Ивица, Ивезиќ Милана Драган, Ивиќ Вилима Владимир, Јагодиќ-Јакоповиќ Мате Марија, Јаклин-Рогина Јосипа Катица, Јањанин Ѓуре Милош, Јарамаз Мије Ратко, Јелача Светозара Чедомир, Јерковиќ Марина Стјепан, Јокиќ Милоша Божидар, Јокиќ Весељка Рујко, Јоветиќ Ѓуре Душан, Југовиќ Видосава Славко, Јукиќ Томе Анте, Јукиќ Ивана Драгомир, Јуретиќ Мије Ѓуро, Јуришиќ Стипана Петар, Јурковиќ Ивана Слободан,

Кајба Тугомира Тугомир, Касик Јосипа Јосип, Катић Петра Мирко, Кларин-Дековић Марка Весела, Кнежевић Јосо Марио, Колар-Ткалец Фрање Марија, Колутац Адама Маријан, Комазец Адама Маријан, Коњевода Анте Марко, Коружњак Јосипа Иван, Кос Стјепана Драгутин, Космат Мато Славко, Ковач Петра Љубо, Ковачек Ивана Петар, Ковачевић Лазара Урош, Ковачић Катарина Фрањо, Крамарић Стјепана Михајло, Кребер Јанка Владимир, Крклец Ивана Јосип, Крзнарић Ивана Јосип, Кукулјан Јосипа Јосип, Кустић Анте Мирко, Kutny Фрање Иван, Квасина Мате Анте, Леговић Еугена Драго, Левак Мије Драгутин, Лончарић Фрање Винко, Ловрековић Јосипа Здравко, Љубичић Јоже Филип, Мачек Стјепана Јурај, Мајсен Антуна Фрањо, Мајстровић-Хорват Јосипа Вјера, Мариани-Старе Јосипа Мајда, Марић Душана Милан, Маринковић Динка Анка, Мариновић Ивана др Бранко, Маршан Јосипа Емилио, Мартинчевић Адама Иван, Маржић Јуре Фране, Машина Анте Марија, Матацин Станка Иван, Матко Мато Стјепан, Матковић Фрање Драго, Меић-Колан Франца Марија, Мико-Циговски Доминика Санда, Микулић Јосипа Миле, Милошевић Душана Миливој, Млокановић Стјепана Ернест, Монетти-Тринајстић Анте Десанка, Мортх Драгутина Адела, Мраковичић Мате Марија, Мраковчић Шиме Шиме, Мрдаљ Богдана Никица, Мухаличек Антуна Марцел, Мурк Ладислава Стјепан, Муса др Иван, Мужек Ђуре Иван, Недухал Ивана Божидар, Новак Ивана Емил, Новак Ивана Владимир, Новаковић Миљенка Миљенко, Обрадовић Миле Милисав, Огринц Марије Вилим, Орак Томислава Драгутин, Павец-Шивак Ђуре Крунислава, Павелић Ивана Јосип, Павлин-Тојага Љубомир Зорица, Пећар Ивана Миливој, Пехар Ивана Владо, Пејић Ђуре Анђелко, Перис-Зубек Јосипа Марија, Перишић Миле Анте, Перушко Грга др Едуард, Петак Јенка Бранко, Петрановић Драгутина Звонко, Петровић Илије Адам, Пинтар Драгутина, Славко, Плешко Стјепана Иван, Полан-Рогина Станка Ђурђица, Полчић Ђуре Иван, Пребег Ивана Јосип, Петровић Милана Никола, Рацков-Михалић Антона Ида, Радица-Таради Винка Ана, Радочај-Виндер Станка Зорка, Радоловић Јосипе Рикардо, Рајши Јована Анкица, Рамброт Јосипа Драго, Ригер Јосипа Матија, Рисмондо Вјекослава Ђорђе, Ружић Јуре Крунислав, Саболић-Маковец Мије Марија, Сакал Ђуре Јосипа, Санто Маријана Борис, Сарделић Марка Анте, Смоличић Рафаела Мато, Стргачић Јосипа Иван, Шаталић Шиме Душан, Шиклић Јосипа Роко, Шинтић Ђуре Ковиља, Шоштар Фрање Жељко, Шпрајцер Стјепана Владимир, Штајмингер Јакова Иван, Штимац-Коцбек Станка Ђурђа, Тафра Стјепана Станко, Тере Ивана Милан, Ткалчец Стјепана Фрањо, Трутанић Шимуна Иво, Туђан Петра Ћирил, Валчић Боже Влатко, Видовић Боже Богдан, Вираг Ђуе Михајло, Војковић-Симиниати Ивана Анка, Волеревић Петра Славко, Врбанић Мирка Иван, Врклљан-Ивековић Винка Ирена, Вучић-Мухек Стјепана Магдалена, Вугрин Николе Јосип, Вукиновац-Станко Јосипа Анђела, Вукшић Јосипа Фрањо, Вукшић-Лончар Миле Божена, Зечевић Бранка Милован, Зиндовић Драгише Милић, Златић Славка Жељко, Зорић-Кокић Шиме Бонифација, Зорић-Ковач Маријана Здравка, Зрилић-Бурчул Андрије Љуба, Зврко-Смолчић Ивана Злата, Жегарац-Бајевић Мартина Марија, Жиц Ивана Никола, Живадиновић-Ераковић Симе Милена;

– за заслуги во разбивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани.

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Алексић Дмитра Јован, Кадум Емила Милан, Купрешанин Ђуре Петар, Стојановски Ђорђа Димче;

– за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

## СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Ацић Адама Јанко, Белец-Козјак Андрије Терезија, Бркљачић Милана Ивица, Црквенац Јосипа Ђуро, Цвијевић Алозја Нинослав, Гаш Зеча Адам, Ђурић-Пепчић Душка др Горјана, Хитрец Томислава Звонимир, Хржина Стјепана Ратомир, Иванишевић-Јозе Грубише Манде, Јарни Мартина Стјепан, Јелачић Шимуна Андрија, Кошарош Јосипа Зденко, Ковач Матије Лука, Лабазан Луке Ђуро, Левец-Вишњарић Игнаца Магда, Лигатић Ивана Иван, Лончарић-Вукосављевић Божидара Славко, Лукчин-Ђурић Владмира Јадранка, Мађарац Милана Предраг, Манојловић Милана Душан, Милошевић-Мукавец Мијо Зорка, Момчиловић Милића Милош, Перош Станка Живко, Почуча Миле Владимир, Поповић-Модрић Анте Фелицита, Поткоњак Бранка Исо, Рожић Антуна Стјепан, Стрбад-Бартолић Илије Ана, Светина Миле Милка, Шарар-Михаљевић Јураја Иванка, Бирек-Ловрековић Ивана Барица, Шпиранец-Боровац Мартина Нада, Штагер Ивана Иванка, Утјешиновић Милана Гојко, Водопија Стјепана Мијо, Жихер Стјепана Мато, Колић Јосипа Јурај;

– за залагање и постигнати успеси во работата

## СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

